На 19.04.2017 г. Градоначалникот на општина Бутел, Петре Латиновски го прими младиот таеквондо спортист Дејан Георгиевски, кој на последното Европско првенство во Софија, Бугарија го освои третото место и бронзениот медал.
За освоениот медал Георгиевски доби честитки од Градоначалникот Латиновски, но и заради тоа што Дејан потекнува од општина Бутел и е член на таеквондо клубот „Бутел“.



Честитки за историскиот прв медал за Македонија на едно Европско првенство, доби и основачот и тренер на таеквондо клубот „Бутел“ а сега и селектор на македонскиот тим, Дарко Костовски.



Освен благодарницата, седумнаестгодишниот Дејан Гергиевски ќе добие и соодветна еднократна финансиска награда што ќе му биде добредојдена за подготовките на претстојното светско првенство во Кореја.
Инаку, Дејан очекувал да освои злато, но повредата на стапалото го спречила во тоа. Сега останува ногата која е во лонгета и видно отечена брзо да заздрави, зашто го очекуваат две големи натпреварувања и нова шанса за поголеми успеси.
Селекторот на македонската репрезентација во таеквондо, Дарко Костовски му се заблагодари на Градоначалникот Латиновски за несебичната поддршка во развојот на таеквондо спортот во општина Бутел и изрази надеж дека нашите спортисти нема да ги гледаме само на европските и светските првенства, туку се големи шансите да биде обезбеден пласман и на претстојните олимписки игри во Токио.

Градоначалникот Латиновски им посака натамошни големи успеси и несебична поддршка од Општина Бутел.